УЖ-2.бр.474/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - Претседател на советот и судиите м-р Емрије Зубери и Фани Илиевска - членови на советот, со записничар Ивица Наумоски - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот ЕЛ-МАР ДООЕЛ од Битола, изјавена преку полномошник Игор Петковски, адвокат од Битола против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1220/2019 од 17.10.2019 година, за јавни набавки, на седница на советот одржана на ден 24.08.2021 година, донесе:

# П Р Е С У Д А

Жалбата на тужителот ЕЛ-МАР ДООЕЛ од Битола, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1220/2019 од 17.10.2019 година, СЕ ПОТВРДУВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.1220/2019 од 17.10.2019 година ја одбил како неоснована тужбата на тужителот ЕЛ-МАР ДООЕЛ од Битола, изјавена против од Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки, бр.09-238/5 од 13.06.2019 година.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот поради сторени суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи и побиваната пресуда се преиначи на начин што тужбеното барање се усвои и оспореното решение поништи.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, ценејќи ги наводите во жалбата и одговорот на жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка, најде:

Жалбата е неоснована.

Видно од списите приложени кон предметот, договорниот орган Општина Битола отпочнала постапка за јавна набавка со отворена

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВИШ УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT GJYKATA E LARTË ADMINISTRATIVE V SHKUP

постапка за набавка на услуги за одржување на опремата за улично осветливање за поранешната Општина Кукуречани бр.24-132/2017, за што претходно донел Одлука за јавна набвака бр.08-834/1/2017 од 22.09.2017 година, која постапка била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки и Службен весник на РСМ, набваката била деллива, постапката се спроведувала во електронска форма која било предвидено да заврши со Е-аукција како последна фаза од постапката, а како критериум за избор била определена најниска цена, а во Огласот и тендерската документација од понудувачите било побарано да достават изјава за независна понуда, изјава за сериозност на понудатата и гаранција за квалитетно извршување на договорот (10%). До крајнот рок за пристигање на понудите пристигнале вкупно 10 понуди за што бил составен Записник од отварањето на понудите од 25.12.2017 година. Комисијата при договорниот орган извршила првична проверка на комплетноста и валидноста на понудите, по што оние понудувачи кои поднеле прифатливи понуди биле поканети на е-аукција по чие завршување врз основа на генерираните извештаи за текот на е-аукцијата и Извештајот од спроведената постапка, до одговорното лице на договорниот орган бил даден предлог за избор како најповолна понуда да биде избрана понудата на ЕЛ-МАР ДООЕЛ – Битола, кој предлог бил прифатен и донесена е Одлуката за избор на најповолен понудувач бр.08-834/2017 од 22.01.2018 година. Меѓутоа на 20.02.2018 година, договорниот орган донел Одлука за поништивање на постапката бр.08-834/7 од 20.02.2018 година, а согласно член 169 став 1 точка 8 од Законот за јавните набавки.

Против одлуката за поништување на постапката, економскиот оператор-сега тужителот ЕЛ-МАР – Битола поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која во повторна постапка со оспореното Решение бр.09-238/5од 13.06.2019 година ја одбила како неоснована жалбата, од причина што утврдила дека договорниот орган врз основа на релевантни причини ја донел обжалената одлука, односно како главна причина за поништивање на конкретната постапка за избор на најповолна понуда во фаза пред потпишување на доворот, била наедена недостатокот на финансиски средства во бужетот на Општина Битола т.е. настанале непредвидени и објективни околности-обврски од судски одлуки за враќање на градежно земјиште, додека конкретната постапка за избор на најповолна понуда не била единствена поништена постапка од договорниот орган во фаза пред склучување на договорот.

Незадоволен од решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-238/5од 13.06.2019 година, тужителот повел управен спор пред Управниот суд кој постапувајќи по тужбата донел пресуда У-5.бр.1220/2019 од 17.10.2019 година, со која ја одбил како неоснована тужбата на тужителот со образложение дека во конкретниот случај тужениот орган правилно го применил материјалното право.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Имено, согласно член 169 став 1 точка 8 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/2007...165/2017), договорниот орган може да ја поништи постапката за доделување на договор за јавна набавка поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган.

Вишиот управен суд оцени дека Управниот суд правилно одлучил кога прифатил дека тужениот орган при одлучувањето по изјавената жалба правилно ги применил одредбите од Законот за јавни набавки. Наведеното од причина што тужениот орган врз основа на правилно утврдена фактичка состојба правилно оценил дека договорниот орган правилно одлучил кога со обжалената одлука ја поништил постапката за избор на најповолна понуда согласно член 169 став 1 точка 8 од Законот за јавни набавки заради настанати непредвидени и објективни околности.

Вишиот управен суд при одлучувањето ги ценеше жалбените наводи на тужителот кои се однесуваат на сторени повреди на постапка и утврдената фактичка состојба по предметот, меѓутоа најде дека истите не претставуваат основ за донесување на поинаква одлука од страна на овој суд, имајќи ја во предвид утврдената фактичка состојба и содржината на цитираната законска одредба.

Предвид на наведеното Вишиот управен суд одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 7-а од Законот за управните и член 357 од Законот за парнична постапка.

Пресудено во Виш управен суд на ден 24.08.2021 година под УЖ-2.бр.474/2020.

| Записничар - судски соработник | Претседател на совет - Судија |
|---|---|
| Ивица Наумоски с.р. | Владанка Панчурова Сулејманова с.р. |

/ИК

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВИШ УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува

Судски службеник